**20211732866**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот Република Северна Македонија, како и врз основа на членот 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија,

Тргнувајќи од објавениот „Резултат од референдумот во Република Македонија одржан на 8 септември 1991 година" („Службен весник на Република Македонија" број 43/1991), почитувајќи ги позициите на „Декларацијата за развој на односите на Република Македонија со Европската Унија" усвоена од Собранието на 4 февруари 1998 година („Службен весник на Република Македонија" број 7/1998), а во контекст на наметнатите билатерални пречки кон Европската Унија, ние пратениците ја декларираме волјата на граѓаните и на ден 29 јули 2021 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе

## РЕЗОЛУЦИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ ДРЖАВНИ ПОЗИЦИИ ВО КОНТЕКСТ НА БЛОКАДИТЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ

1. Преговорите да се водат на рамноправна и принципиелна основа, со должно почитување на меѓународното право, без никакво условување од едната или од другата страна и со почитување на достоинството на македонскиот народ;

2. Да се почитуваат безрезервно сознанијата на македонските општествени, хуманистички и културолошки науки во врска со автохтоноста на македонскиот народ и неговиот историски, јазичен, културен и религиски континуитет;

3. Да се уважуваат сознанијата, утврдените факти, усвоените теории и емпириските истражувања на современата светска славистика, лингвистика, историографија и меѓународното право, според коишто:

- македонскиот јазик и неговите дијалектни разновидности имаат свој просторен и свој временски континуитет,
- македонскиот идентитет го црпи својот легитимитет од повеќевековните традиции, преданија, обичаи, колективна меморија, менталитет, јазик, артикулираната свест за етнокултурната посебност, колективниот интегритет, почитта кон традиционалните религиски институции и од наративот за припадноста на одреден географски и историски простор,
- споделените места на меморија на балканските и медитеранските простори подразбираат инклузивен однос, а не ексклузивно присвојување на историјата и традицијата, подразбираат интелектуална слобода, а не робување на анахроните историски стереотипи и илузии, не културен и историски хегемонизам;

4. Процесот за евроинтеграција на нашата држава да продолжи во духот на меѓусебно почитување и уважување на вложените напори од наша страна за исполнување на критериумите;

5. Да се применуваат позитивните и општоприфатени меѓународни конвенции и декларации на Организацијата на обединетите нации (ООН) за правото на самоопределување и за човековите права и слободи;

6. Да се почитува безусловно слободно изразената волја на македонскиот народ, неговата етничка и духовна посебност;

7. Собранието ја обврзува и ја насочува Владата, но и сите надлежни органи задолжени за надворешната политика и евроинтеграциите да постапат во рамките на позициите утврдени со оваа Резолуција;

8. Оваа Резолуција ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 3602/1
29 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.